**Повлекување од договор на далечина или договор вон деловните простории на трговецот од страна на потрошувачот**

(овој образец да се пополни и прати само доколку сакате да се повлечете од договорот)

**Zegin Healthy Food тел. 072 310 690, mail: zeginonline@zegin.com.mk**

— Со ова јас/ние известувам/известуваме за моето/нашето повлекување од договорот за продажба на следниве стоки/услуги, и свесен сум за последиците што ги предизвикува;
______________________________________________________________________________

—Нарачано на ден ____________/примено на ден _______________ ;

—Име и презиме, односно назив на потрошувачот/ите
________________________________________________________________

—Адреса на потрошувачот/ите
________________________________________________________________

—Потпис на потрошувачот/ите (само доколку овој образец се пополнува на хартија);

_________________________________________

Датум ___________________

# Упатство
# за пополнување на Образецот за остварување на правото на повлекување од договор на далечина или договор вон деловните простории на трговецот од страна на потрошувачот изготвен од страна на трговецот

Упатство за еднострано раскинување на договор

Потрошувачот може еднострано да го раскине Договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена без да наведе причина.

Предуслов за еднострано раскинување на Договорот е производот да не е користен и да му биде вратен на трговецот во идентична состојба во која е примен од страна на потрошувачот во оригинално неоштетено пакување, со декларација и соодветна фискална сметка и документација.

Договорот може да се раскине еднострано, делумно за поединечен производ или во целост, во согласност со Општи услови за користење на Веб-страницата www.zegin.com.mk и нашата политика за рекламации

За да можете да го искористите правото на еднострано раскинување на овој Договор, мора да не известите за вашата одлука за еднострано раскинување на Договорот пред истекот на рокот, со недвосмислена изјава испратена по е-пошта, во која ќе го наведете вашето име, адреса, телефонски број, факс или адреса на е-пошта.

Рокот за еднострано раскинување е 14 дена од денот кога стоката што е предмет на договорот е предадена до вас или на трето лице определено од вас, кое не е превозник.

Во случај да се предомислите и го раскинете овој Договор ние ќе ги вратиме парите што ги добивме од вас, без одложување, а најдоцна во рок од 14 дена од денот кога ја добивме вашата одлука за еднострано раскинување на договорот.

Враќањето може да се изврши само откако стоката ќе ни биде вратена и прегледана во состојбата во која е испратена, со оглед на исполнувањето на условите за право на еднострано раскинување на Договорот. Вие сте одговорни за секое намалување на вредноста на стоката што произлегува од ракувањето со стоката, освен она што било неопходно за да се одреди природата, карактеристиките и функционалноста на стоката.

Се смета дека сте ја исполниле својата обврска навреме доколку ни ја испратите или предадете стоката нам, односно на лицето кое сме го овластиле да ја прими стоката, пред истекот на горенаведениот рок.

Директните трошоци за враќање на стоката мора да ги сносите сами.

Враќањето на уплатените средства кон Вас ќе се изврши на ист начин како што сте ја извршиле уплатата.

Поврат на уплатените средства кон Вас можеме да извршиме само откако стоката ни е вратена или откако ќе ни доставите доказ дека сте ни ја испратиле стоката назад.

Доколку се утврди дека производот е неисправен или оштетен до тој степен што производот не може повторно да се продаде, враќањето на парите на потрошувачот ќе биде одбиено и курирската служба ќе му го врати производот на потрошувачот на негов трошок. Рокот во кој потрошувачот дава согласност да го преземе производот е 15 дена од денот на приемот на известувањето дека повлекувањето од договорот не е одобрено. По истекот на наведениот рок, ZEGIN Online не е одговорна за производот, ниту е обврзан да го задржат производот.

## Кога потрошувачот нема право да се повлече од договорот

Согласно позитивните законски прописи во РСМ за заштита на правата на потрошувачите, немате право да се предомислите и да се повлечете од купувањето во следните ситуации:

- договори за услуги кога услугата е целосно извршена, но доколку од договорот за потрошувачот произлегува обврска за плаќање само доколку извршувањето започнало со претходна изрична согласност на потрошувачот и со негово изрично прифаќање дека го губи правото на повлекување од договорот, откако договорот е целосно извршен од страна на трговецот;

-договори за набавката на стоки или услуги чијашто цена зависи од колебањата на финансиските пазари врз кои што трговецот нема влијание, а што можат да настанат за време на рокот за повлекување од договорот;

- договори за набавка на стоки изработени по спецификација на потрошувачот или на стоки што се очигледно прилагодени на потрошувачот (производи специјално дизајнирани за потрошувачот како пример се креми или козметика изработени согласно барањето на потрошувачот);

- договори за набавка на лесно расипливи стоки или на стоки со краток рок на траење (пример храна и пијалоци лесно расипливи стоки или стоки што имаат краток рок на траење, производи со посебни услови за чување на одредени тепратури);

- договори за набавка на оригинално затворени стоки што не се погодни за враќање поради хигиенски причини или заштитата на здравјето, а се отворени по испоракат (на пример, достава на козметика, парфеми, додатоци за хранење, бебешки шишиња, цуцли, четки за заби и слични производи);

- договори за набавка на стоки што според нивната природа по испораката нераздвојно се мешаат со други артикли;

Вашето барање за повелекување од договор на далечина или договор вон деловните простории на трговецот може да се испрати електронски на е-пошта: zeginonline@zegin.com.мк, или преку телефон 072 310 690 со изјава со која ја изразувате

Вашата волја за раскинување на договорот за што ќе добие детални инструкции за понатамошне постапување.

ZEGIN Online ќе Ви испрати потврда за прием на Вашето барање за повлекување од договорот.